# Што ги интересира граѓаните?



## ИЗВЕШТАЈ
## ОД СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР



Центар за Управување со Промени

NED
NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

# СОДРЖИНА

**РЕЗИМЕ** ..... 3

**ВОВЕД** ..... 6

**КОНТЕКСТ** ..... 8

**МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР** ..... 10

**АНАЛИЗА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР** ..... 12

**СЛЕДЕЊЕ НА ВЕБ СТРАНИЦИТЕ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР** ..... 18

**АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ОД СЛЕДЕЊЕТО ЗА ОБЕМОТ И СОДРЖИНАТА НА ПОБАРУВАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР** ..... 21

**Барања и жалби до имателите за 2019, 2020 и 2021 година** ..... 21

БАРАЊА ..... 21

ЖАЛБИ ..... 24

**Податоци за содржината на најчесто побарануванте информации од имателите на информации од јавен карактер** ..... 28

**ПРЕПОРАКИ** ..... 32

**ПИЛОГ I** ..... 34

**ПРИЛОГ II** ..... 40

# РЕЗИМЕ НА КЛУЧНИТЕ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Во Република Северна Македонија согласно последните информации има вклупно 1.445 иматели на информации од јавен карактар. Во споредба со вкупниот број на институции на јавниот сектор, кој изнесува 1.346, бројот на иматели на информации од јавен карактер е поголем за 99 субјекти, бидејќи освен институциите на јавниот сектор, иматели на информации од јавен карактер се и политичките партии и правните лица со јавни овластувања.

Доследната примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е клучен предуслов за отчетно и транспарентно работење на имателите на инфорамции од јавен карактер, во прв ред јавните институции.

Анализата на регулативата, веб страните и достпаните информации во однос на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер која е направена во рамките на овој Извештај покажа дека:

- Недостасува ефикасен механизам за надзор над примената на Законот, како и непотполност на прекршочните одредби. Иако во член 10 од Законот се пропишува обврска за активна транспарентност, Законот не регулира кој ќе биде надлежен да ја контролира примената на оваа законска одредба, ниту пак пропишува било каква санкција за непочитување на оваа обврска.
- Иако Законот ги утврдува веб страници на имателите како основен механизам и алатка за нивна активна транспарентност, нема обврска за воспоставување на регистар на веб страни што пак е прв предуслов за доследна имплементација на Законот.
- Нема законска обврска за контрола на веб страните на институциите, кои имаат должност да ги објават информациите од листата утврдена во членот 10. Без ваква контрола, како и без соодветни санкции, Законот никогаш нема да може да биде целосно спроведен во пракса.
- Во Законот недостасува глава која ќе се однесува на надзорот на примената на одредбите од Законот.
- Институциите од јавниот сектор, со исклучок на повеќето министерства, немаат унифициран начин на објавување на информациите од јавен карактер.
- Многу малку институции во целост ја почитуваат обрската да ги објавуваат информациите од јавен карактер на своите веб страни, односно во голем број на случаи, таа обврска многу малку или воопшто не се почитува, што пак е основна причина зошто обемот и листата на барани информации од институциите е многу долга.
- Најголем дел од имателите само делумно ја почитуваат законската обврска со објавување на дел од потребните информации, при што веб страните воопшто не се воедначени, начинот на пристап до информациите е различен, што пак дополнително може да ги збуни барателите.

- Има голем број на иматели на информации од јавен карактер кои воопшто немаат веб страни. Речиси сите градинки, здравствени домови, домови на култура, музеи, библиотеки (повеќе од 200 институции) немаат свои веб страници. Ова значи дека овие институции воопшто немаат можност да го почитуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Веб страните на судовите се пример за неусогласеност со Законот, затоа што на истите не може да се најде речиси ниту една од информациите кои согласно закон задолжително треба да бидат објавени.
- Истражувањето покажа дека во изминатите три години (2019,2020, 2021 година) најголемиот дел на барања за пристап до информации од јавен карактер упатени до имателите на информации се однесуваат на прашања поврзани со: јавните набавки; инансиското работење на институциите (патни трошоци, дневни трошоци, користење на службени возила и сл.); КОВИД 19 – мерките; Бројот на вработените лица во институциите од јавниот сектор и лицата ангажирани по други основи, и податоци за избраните и именувани лица (биографии, менаџерски договори, плати и надоместоци и сл.).

Со цел да се надминат констатираните недоследности, да се унапреди примената на законот и да се обезбеди активна транспарентност на институциите потребно е да се направат измени и дополнувања Законот во насока на утврдување на експлицитна надлежност на Агенцијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер, да врши надзор над примената на одредбите од Законот, особено во делот на активната транспарентност на институциите преку објавување на информациите на нивните веб страни. Во насока на целосна примена на Законот, треба да се преиспитаат и наделжностите на Агенцијата, односно дали истата треба да има надлежност за водење на прекршочни постапки или таа надлежност да се пренесе на судовите, а Агенцијата да има единствено надзорни надлежности.

При измените и дополнувањата на Законот потребно е да се преиспита дали обврската за активна транспарентност е целосно применлива за сите иматели на информации од јавен карактер и какви се финансиските импликации доколку истата остане како обврска за сите институции. Со оглед на фактот дека изработкатата, одржувањето и ажурирањето на веб страна бара технички и човечки ресурси, кои некои од имателите ги немаат, ниту пак имаат доволно средства за да го реализираат тоа, би требало да се размисли за можноста од централизирано прикажување на информациите од членот 10 за определен вид на институции.

Заради поедноставено следење на примената на Законот потребно е да се ажурира образецот на годишните извештаи во насока на добивање не само на квантитативни, туку и на квалитативни податоци и да се воспостави автоматизиран систем за прибирање и обработка на годишните извештаи на имателите.

Човечките капацитети се еден од клучните фактори за примената на Законот, поради што мора да продолжи со зајакнување на човечките капацитети и со редовна обука на лицата вработени во институциите, задолжени за обработка и објавување на податоците на имателите на информации.

Редовниот мониторинт и следење, како и ваквите извештаи, треба да станат редовна пракса, најмалку на годишно ниво, со цел да се изгради култура на отчетност и транспарентност, а како резултат на тоа, треба континуирано да се ажурира листата на информации од јавен карактер врз основа на обработените квалитативни податоци од годишните извештаи на имателите во насока на објавување на информациите за кои граѓаните покажуваат најголем интерес.

Сепак, во целина, Законот во голема мера го унапредува системот на пристап до информации од јавен карактер и со наведениве дополнувања може да претставува солидна долгорочна основа за зголемена транспарентност и отчетност на имателите на информации од јавен карактер.

# ВОВЕД

Овој извештај за следење е подготвен во рамките на проектот „Поттикнување на доброто управување и реформите во јавната администрација“ финансиран од фондот National Endowment for Democracy (NED). Извештајот за следење за свој предмет има конкретна област - примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, која е дел од заложбите на Владата во насока на доброто владеење и мерките предвидени во актуелната Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 (СРЈА 2018-2022). Извештајот се фокусира на активностите поврзани со унапредување на транспарентноста на институциите, предвидени во Приоритетната област 3: Одговорност, отчетност и транспарентност од СРЈА 2018-2022.

Проектот „Поттикнување на доброто управување и реформите во јавната администрација“ генерално се фокусира на следење на оставрувањето на заложбите на Владата на Република Северна Македонија да го стави доброто владеење на врвот на својата политичка агенда, преку вклучување на мерки за добро владеење во сите стратешки политики, а со особен интерес за реформата на јавната администрација како предуслов за креирање на основа за добро управување. Проектот ги следи и анализира динамиката, ефектите и постоечките проблеми поврзани со имплементацијата и ефикасноста на СРЈА 2018-2022, со цел да го процени нејзиниот успех и влијание во однос на унапредување на практиките за добро владеење, но едновремено и даде придонес преку развивање на конкретни препораки и нови мерки за подобрување на управувањето во институциите, кои потенцијално би биле дел од новата Стратегија за реформа во јавната администрација за периодот 2023-2030.

Имајќи ја превид важноста на отворените институции и важноста и потенцијалот на податоците и информациите кои институциите ги поседуваат, Центарот за управување со промени (ЦУП) во рамки на споменатиот проект, иницираше процес на следење на примената на споменатиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер со цел:

- Да се направи анализа на најчесто побаруваните податоци и информации од институциите во последните три години;
- Да се поттикнат институциите проактивно да ги отвораат податоците и информациите за граѓаните, согласно приоритетите и интересите на граѓаните и медиумите, согласно барањата кои тие ги упатуваат до институциите;
- Да се укаже кои се податоците и информациите од надлежност на поединечните области на делување и да им се дадат насоки на институциите кои податоци треба да ги собираат и објавуваат на увид, согласно законските обврски;

- Да се намали административниот товар на институциите постојано да одговараат на информации упатени од страна на барателите на информации, што воедно ќе ја засили транспарентноста на институциите и ќе ја зголеми довербата на граѓаните во администрацијата;
- Да се зголеми јавната свест за важноста на проактивната транспарентност и нејзиното значење за градењето на одговорна, ефикасна, професионална и сервисно ориентирана администрација.

Извештајот е резултат на следењето и анализата спроведена од страна на ЦУП, а во соработка со Кабинетот на заменик претседателката на Владата задолжена за политики на добро владеење и Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Извештајот ги идентификува предизвиците во спроведувањето на законските обврски, но и примената на конкретните мерки и активностите кои се однесуваат на пристапот до информации од јавен карактер, дава препораки за подобрување на транспарентноста, одговорноста и отчетноста на институциите, но истовремено ги поттикнува граѓаните, граѓанскиот сектор, академската заедница, приватниот сектор и сите други чинители во општеството, активно да ги бараат и да ги користат податоците на институциите за потребите на својата област на работа и да придонесат за креирањето на подобри политики кои ќе водат кон прогрес во сите општествени сфери.

# КОНТЕКСТ

Слободниот пристап до информации од јавен карактер подразбира можност да се бараат, да се добијат и да се користат информациите кои ги продуцираат институциите на јавниот сектор, како и другите носители на јавни овластувања. **Пристапот до информации од јавен карактер е од исклучителна важност во секоја држава со демократски облик на уредување, затоа што:**

- Ја зголемува транспарентноста на институциите;
- Ја зголемува довербата на граѓаните и бизнисот во самите институции;
- Има превентивно влијание во однос на коруптивните практики;
- Обезбедува полесно следење на јавните политики, и
- Гго намалува админстративниот товар.

Во Република Северна Македонија транспарентноста на институциите и важноста на слободниот пристап до информации од јавен карактер е препознаен пред повеќе од една деценија. Имено уште во 2006 година е донесен првиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој претставува прв законски обид за регулирање на правото на граѓаните да добијат информации кои ги продуцираат јавните институции. Врз основа на 13 годишното искуство од примената на овој закон, во 2019 година е донесен целосно нов Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст: Законот), со кој значително е унапредена оваа регулатива, како во поглед на опфатот, така и во поглед на регулирање на постапките кои го гарантираат слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Во новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер[1], како информација од јавен карактер е дефинирана онаа информација која во било каква форма ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, а како иматели на информации ги дефинира органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите. Дополнително и бројот на институции кои се опфатени со новиот закон е многу поголем од претходно. Сето тоа значи квалитативно унапреден пристап на регулирање на оваа материја.

Иако постои регулатива за пристап до информации од јавен карактер, најголем проблем претставува нејзината имплементација, односно „молчењето на администрацијата“. Тоа

[1] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, https://aspi.mk/wp-content/uploads/2020/09/ЗАКОН-ЗА-СПИ-ПДФ.pdf

всушност значи дека, иако постои регулатива која ги уредува обврските во оваа област, администрацијата, државните органи и другите иматели на информации се уште се однесуваат со индигнација кон обврските дефинирани во Законот, затворени се и не ги даваат информациите кои граѓаните согласно Уставот и Законот имаат право да ги добијат. Уште еден значаен предизвик претставува начинот и форматот преку кој се имплементираат обврските од Законот, односно отворањето на збирките на податоци од страна на институциите во обработалив формат. Само 72 институции имаат објавено податочни сетови на платформата за отворени податоци. И оние малку податоци кои се достапни на веб страниците на институциите, најчесто се во необработлив формат, а и не е секогаш лесно да се стигне до нив. Согласно Начелата на јавната администрација [2] на OECD-SIGMA постојат одредени стандарди кои институциите треба да ги исполнуваат, меѓу кои и стандардот „со 3 клика до бараната информација“. Стандардот се смета дека е исполнет доколку институциите од јавниот сектор, односно имателите на информации обезбедуваат ажурирани, бесплатно достапни информации на сите официјални јазици во земјата, прикажани на начин лесен за користење (со не повеќе од три кликања од главната веб-страница на институцијата), кои исто така се објавени во отворен формат (HTML, PDF или Отворен формат на документ [ODF]).

Следењето на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е од исклучително значење за да може да се увидат позитивните аспекти од примената на ова законско решение, но и да се лоцираат евентуалните недостатоци како од нормативен, така и од кадровски и технички аспект , а на чие надминување ќе треба да се работи, за да може да се обезбеди целосна имплементација на истиот. Предмет на овој извештај е презентирање на моменталната состојба со примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на податоците добиени од следење на работата на Агенцијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст: Агенцијата) и имателите на информации од јавен карактер, а истиот ќе претставува почетна основа за идното следење на примената на Законот во иднина.

Секое законско решение чија примена во пракса не се следи, вообичаено не ги дава посакуваните резултати. Врз основа на добиените информации и податоци од следењето на примената на Законот, во извештајот се дадени и препораки за понатамошно унапредување транспарентноста на институциите од јавниот сектор, преку подобрување како на самата законска регулатива, така и на нејзината имплементација.

[2] https://www.sigmaweb.org/publications/Principles-of-Public-Administration-2017-edition-MK.pdf

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Предмет на овој извештај е презентација на достапните податоци и информации кои произлегуваат од следењето на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. **Следењето на примената на Законот во рамките на овој извештај е направено врз основа на:**

- анализа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,
- следење на веб страните на имателите на информации од јавен карактер,
- анализа на извештаите на Агенцијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер, и
- анализа на податоците добиени од имателите на информации од јавен карактер за содржината на најчесто побаруваните информации од страна на граѓаните.

Преку десктоп истражување направена е анализа на одредбите од Законот низ призма на нивната практична применливост и надлежностите на Агенцијата за доследна и целосна имплементација на самиот Закон.

Веб страните на институциите на јавниот сектор се следени и анализирани по случаен избор, врз основа на податоците за институциите на јавниот сектор објавени во Извештајот од Регистарот на вработените во јавниот сектор за 2021 година [3] на Министерството за информатичко општество и администрација. При тоа се анализирани по десет веб страна од различни видови на институции на јавниот сектор, согласно класификацијата во овој извештај.

Во рамките на овој извештај, покрај анализата на статистичките податоци за бројот на барања доставени до имателите на информациите од јавен карактер, се дава и квалитативен приказ на најбараните информации од јавен карактер, и се предлага истиот да биде првична појдовна основа за идните годишни квалитативни следења на примената на одредбите од Законот. Имено, до сега сите анализи и извештаи се концентрираа на статистички податоци во однос на бројот на поднесени барања, уважени и одбиени барања, поднесени жалби, уважени и одбиени жалби, статистички податоци за изречени прекршочни мерки и статистички податоци за поведени управни спорови. Во овој извештај за прв пат се дава приказ на содржината на барањата за кои се поднесени жалби до Агенцијата и најбараните информации во различните

[3] https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/finalen-izveshtaj_2021_rabotna_30.03.2022.pdf

управни области. Големиот број на барања во определена област се индикатор дека имателите не ги објавуваат активно сите податоци на своите веб страни или пак ги објавуваат, но истите не се лесно достапни. Затоа при идните квалитативни анализи, намалувањето на листата на најбарани информации од јавен карактер во определена област, ќе биде еден од индикаторите за поголема транспарентност на соодветните институции.

# АНАЛИЗА НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за прв пат во Република Северна Македонија е донесен во февруари 2006 година, а почнува да се применува во месец септември истата година[4]. Целосно нов Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер е донесен во 2019 година и е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019 од 22 мај 2019 година, а се применува од 22 ноември истата година.

Во актуелното законско решение се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите.

Законот на систематски начин го регулира слободниот пристап до информации од јавен карактер, и има најширок можен опфат. Законот регулира многу широк концепт на информации од јавен карактер, односно согласно законот „информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности“.

Во членот 10 од Законот е содржана цела листа на информации кои имателите задолжително треба да ги објавуваат на својата веб страна. Имателите на информации се должни да ја информираат јавноста преку својата интернет страница со објавување на следните податоци:

- податоците за надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со закон,
- основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата,
- податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата (биографија, податоци за контакт и друго),
- основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,
- основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,
- список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен е-маил и службен телефон,

[4] Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер донесен 2006 година, претрпува повеќе измени и тие се објавени во следните изданија/броеви на Службен весник на Република Македонија: број 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18.

- законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило,
- прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон,
- органограм за внатрешна организација,
- стратешки планови и стратегии за работа на имателите на информации,
- годишни планови и програми за работа,-годишен Буџет и завршна сметка,
- годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот,-ревизорски извештај,
- видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци),-тарифници за надоместоци за издавање на реални акти,
- начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат),
- целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство,
- предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно со закон и друго,
- извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор,
- статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации,
- други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата.

Законот, во членот 10, ги уредува минимум стандардите кои имателите на информации треба да објават на своите веб страници. Сепак, тоа не претставува пречка институциите проактивно да дејствуваат и да објавуваат и повеќе информации и подоатоци кои ги продуцираат, обработуваат или располагаат со нив, во рамките на своите надлежности, а кои можат да бидат од интерес или потреба на граѓаните, граѓанскиот сектор, бизнис или академската заедница и

слично. Во принцип, сите информации и податоци кои институциите ги поседуваат во рамките на својата надлежност на работа, се информации од јавен карактер. Уште повеќе, јавна информација претставува и кој управува и одлучува за тоа како се троши буџетот на институцијата во насока на остварување на надлежностите, особено поради фактот што се работи за јавни пари.

**Единствен исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер се следниве информации:**

- информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација;
- личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;
- информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка;
- информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
- информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

Дури и овие информации стануваат информации од јавен карактер кога ќе престанат причините за нивната недостапност.

Законот дава можност имателите на информации да одобрат пристап до информација која не е од јавен карактер, по задолжително спроведениот „тест на штетност“[5] со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата. Тестот на штетност е обврска и инструмент за проценка дали јавниот интерес за достапноста на информации преовладува над потребата да се ограничи пристапот до информации заради заштита на одредени права пропишани со закон. Во таа смисла, тестот на штетност претставува одлука од највисок степен и дискреција, донесена од јавен орган при одлучувањето по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, со која се утврдува дали преовладува јавниот интерес да се задржат бараните информации во опсегот на ограничување на пристапот или дали ќе преовладува јавниот интерес за бараната информација да се изземе од рамките на постојното ограничување и да се направи достапна за барателот, а со тоа и на пошироката јавност.

Така, ако е возможно да се оддели делот од документот кој не е од јавен карактер без притоа

[5] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/prirachnik-za-sproveduvanje-na-test-na-shtetnost-1.pdf

да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

Во Глава V од Законот на систематски начин е регулирана постапката за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. При тоа во случај кога имателот нема да постапи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер дозволена е брза и ефикасна постапка по жалба пред Агенцијата.

Агенцијата е носечката институција за доследна примена на законот. Сепак надлежностите на Агенцијата се премногу хетерогени и бараат ангажирање на поголем број на човечки ресурси. Имено, согласно членот 30 од Законот, Агенцијата ги врши следниве работи:

- води управна постапка и одлучува по жалби против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето за пристап до информации на барателите,
- се грижи за спроведување на одредбите од овој закон,
- подготвува и објавува листа на иматели на информации,
- дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации,
- развива политики и дава насоки во врска со остварување на правото на слободен пристап до информациите,
- води прекршочна постапка преку Прекршочна комисија која одлучува по прекршок во согласност со закон,
- презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за правото на слободен пристап до информациите со кои тие располагаат,
- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации,
- подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија,
- извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер,
- врши промоција на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

Од аспект на структурата на надлежното дело за следење на примената на Законот, како што може да се види од наведените надлежности, Агенцијата во исто време претставува:

1. Креатор на политики во делот на слободниот пристап до информации од јавен карактер,
2. Орган кој се грижи за спроведувањето на Законот,
3. Првостепен орган во прекршочна постапка, и
4. Второстепен орган кој одлучува по жалбите на барателите на информации од јавен карактер.

Нема друг пример на институција на јавниот сектор во која на овој начин се концентрирани надлежности од првостепена и второстепена управна постапка. Сите овие надлежности би можеле да се реализираат со доволен број на човечки ресурси во Агенцијата.

Од аспект на ефикасната примена на одредбите, најголем недостаток на Законот е отсуството на ефикасен механизам за надзор над примената на Законот, како и непотполност на прекршочните одредби. Имено, како што е наведено погоре, во членот 10 од Законот има целосна листа на информации кои сите иматели треба да ги објават на својата веб страна. При тоа, во членот 10 од Законот е наведено дека имателот **е должен** да ги објави овие информации. Меѓутоа, никаде во Законот не е регулирано кој ќе биде надлежен да ја контролира примената на оваа законска одредба, а дополнително, во членот 39 недостасува и прекршочна санкција за императивна законска одредба, што исто така претставува правна празнина.

Со оглед на должноста за објавување на минимум информации од страна на имателите на нивните веб страници, недостасува и **единствен регистар на веб страници** кој ќе биде клучна алатка за следење на примената на членот 10 кој е основен столб на Законот. Исто така, никаде во Законот нема законска обврска за **контрола на веб страниците** на институциите, кои имаат должност да ги објават информациите од листата утврдена во членот 10. Без ваква контрола, како и без соодветни санкции, Законот никогаш нема да може да биде целосно спроведен во пракса.

Имајќи ја предвид структурата на материјалните законите во државата, во Законот недостасува глава која ќе се однесува на **надзорот** на примената на одредбите од Законот.

Сепак во целина, Законот во голема мера го унапредува системот на пристап до информации од јавен карактер и со наведениве дополнувања може да претставува солидна долгорочна основа за зголемена транспарентност и отчетност на имателите на информации од јавен карактер.

Дополнителни недостатоци на постојното законско решение се следниве:

- Отсуство на квалитативни податоци во образецот на Годишниот извештај кој имателите го доставуваат до Агенцијата согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РСМ бр. 101/2019),

- Отсуство на електронски и автоматизиран начин на поднесување на годишните извештаи дополнети со квалитативни податоци преку порталот за слободен пристап до информации од јавен карактер кој го има воспостевено Агенцијата,
- Неможноста за автоматизирана обработка на добиените квантитативни и квалитативни податоци за примената на Законот што создава непотребен административен товар за Агенцијата,
- Отсуство на редовно следење на веб страните на имателите на информации од јавен карактер, и
- Неможноста за поведување на соодветни постапки во рамки на надлежностите на Агенцијата за институциите кои не го почитуваат Законот.

# СЛЕДЕЊЕ НА ВЕБ СТРАНИЦИТЕ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Како што е констатирано во делот од овој извештај кој се однесува на анализата на законската регулатива, членот 10 од Законот е главниот механизам кој, преку предвидување на должност за активно објавување на информациите од јавен карактер на веб страните на имателите, треба да обезбеди зголемена транспарентност и отвореност на институциите од јавниот сектор. Со тоа треба и да се намали бројот на поединечни барања на информации од јавен карактер, што ќе претставува намалување на административниот товар за институциите и секако олеснување за лицата задолжени за слободен пристап до информации од јавен карактер во секоја институција од јавниот сектор.

Во однос на опфатот, законот има најширок можен опфат, односно се однесува на сите институции од јавниот сектор, институции во вршат јавни овластувања, но и политички партии. Всушност, ваквиот широк опфат настојува во обврската за објавување на информации од јавен карактер да ги вклучи сите инситуции чие работење на одреден начин влијае на квалитетот на животот на граѓаните или одредени групи во општеството, но и сите оние субјекти кои на некаков начин се финансираат од даноците кои граѓаните ги плаќаат во државната каса.

Така, согласно Годишните извештаи на Агенцијата за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер, вкупниот број на иматели на информации, варира од година во година, па така во Извештајот 2021 година има дефинирано Листа на иматели на информации со вкупно 1.445 субјекти. Ова се разликува од 2020 година кога на листата биле вкупно 1.440 иматели[6] и од 2019 кога имало вкупно 1.257 иматели на информации.

Од сите 1.445 иматели во 2021 година, вкупно 146 се од државни институции, 73 се правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, 325 се јавни претпријатија и установи, 579 се институции од образовната дејност, 110 се од здравствени установи, 57 се политички партии, 67 се институции од судската власт и 88 иматели на информации од јавен карактер единици за локална самоуправа со Центри за развој на плански региони.
Од вкупно 1.440 иматели, во 2020 година, вкупно 144 се од државни институции, 71 се правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, 324 се јавни претпријатија и установи, 578 се институции од образовната дејност, 111 се здравствени

[6] Во 2021 година се евидентирани нови иматели кои, согласно Извештајот на Агенцијата за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер, самоиницијативно доставиле податоци за своите институции. Ново евидентирани иматели има кај државните институции, правните и физички лица кои вршат дејност од јавен интерес, јавни претпријатија и установи и кај образовните институции, или вкупно 8 нови иматели, додека од претходниот извештаен период три иматели згаснале т.е. од различни причини престанале да функционираат.

установи, 57 се политички партии, 67 се институции од судската власт и 88 иматели на информации од јавен карактер се единици на локалната самоуправа со Центри за развој на плански региони.

Од вкупно 1.257 иматели, во 2019 година, вкупно 83 се институции на судската власт, 28 се правни и физички лица кои вршат јавни овластувања, 82 се единици на локална самоуправа, 551 се образовни институции, 279 се јавни претпријатија и установи, 108 се здравствени установи и 126 се државни институции.

***Графикон број 1. Листа на иматели** на информации под надлежност на АСПИ за 2019, 2020 и 2021 година*




| | Државни институции | Правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес | Јавни претпријатија и установи | Институциите од образовната дејност | Здравствени установи | Политички партии | Судската власт | Општини со Центри за развој на плански региони |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 146 | 73 | 325 | 579 | 110 | 57 | 67 | 88 |
| 2020 | 144 | 71 | 324 | 578 | 111 | 57 | 67 | 88 |
| 2019 | 126 | 28 | 279 | 551 | 108 | 0 | 83 | 82 |

2021 2020 2019

Со оглед на широкиот опфат на Законот, за потребите на овој извештај за следење беше избран репрезентативен примерок на институции од различни сектори на дејност (државна управа, локална самоуправа, регулаторни тела, образование, труд и социјална политика, здравство, правосудство, јавни претпријатија итн.), чии веб страници беа следени од аспект на постапувањето по одредбите од член 10 од Законот.

Генерален впечаток е дека институциите од јавниот сектор (со исклучок на повеќето министерства кои на своите веб страни имаат посебен банер со назив – 22 категории на документи - информации од јавен карактер) немаат унифициран начин на објавување на информациите од јавен карактер согласно член 10 од Законот. Имено, иако дел од институциите ги имаат објавено некои или повеќето од информациите предвидени во споменатиот член од Законот, не е лесно до нив да се дојде на едноставен и брз начин. Некогаш овие информации можат да се најдат групирани на едно место и обележани со посебен банер на веб страната на институцијата, некогаш може да се најдат под полето – Информации од јавен карактер од менито на веб страницата, некогаш во полето – Документи, а понекогаш до нив може да се пристапи единствено ако се користи алатката Пребарување.

За жал следењето на веб страните на имателите на информации од јавен карактер покажува дека многу малку институции во целост ја почитуваат должноста од членот 10, односно дека и во голем број на случаи таа многу малку или воопшто не се почитува, што пак е основна причина зошто обемот и листата на барани информации од институциите е многу долга.

И покрај фактот што Агенцијата, својата веб страна во целост ја има усогласено со членот 10 од Законот, и што истата ја промовира како позитивен пример кој останатите институции треба да го следат во начинот на објавување на информациите од јавен карактер од своја надлежност, мора да се констатира дека ниту еден друг имател на информации од јавен карактер не го почитува во целост овој пример. Имено, проверката на веб страните на имателите покажува дека најголем дел од нив само делумно ја почитуваат законската обврска со објавување на само дел од потребните информации, при што веб страните воопшто не се воедначени, начинот на пристап до информациите е различен, што пак дополнително може да ги збуни барателите.

Сепак, најзагрижувачки е фактот што има голем број на иматели на информации од јавен карактер кои воопшто немаат веб страни. Така на пример, речиси сите градинки, здравствени домови, домови на култура, музеи, библиотеки (повеќе од 200 институции) немаат свои веб страници. Ова значи дека овие институции воопшто немаат можност да го почитуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Веб страните на судовите, се исто така пример за неусогласеност со Законот, затоа што на истите не може да се најде речиси ниту една од информациите од членот 10 од Законот.

Сето ова значи дека потребно е да се преиспита и применливоста на членот 10 од Законот, односно дали истиот воопшто е применлив за сите иматели на информации од јавен карактер. Имено, изработката, одржувањето ни ажурирањето на веб страна бара технички и човечки ресурси кои овие институции во најголем број ги немаат, ниту пак имаат доволно средства за да го реализираат тоа. Од тие причини, би требало да се размисли за можноста од централизирано прикажување на информациите од членот 10 за определен вид на институции.

# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ОД СЛЕДЕЊЕТО ЗА ОБЕМОТ И СОДРЖИНАТА НА ПОБАРУВАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Овој дел од извештајот е подготвен врз основа на анализата на Извештаите на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2019[7], 2020[8] и 2021[9] година, но и податоците добиени од Агенцијата, која пак постапувајќи по Заклучокот донесен на Шеесет и третата седница на Владата на РСМ одржана на 20.07.2022 година, ги има побарано од сите 1445 иматели на информации. Имено, согласно споменатиот Заклучок, Агенцијата од имателите на информации побара да достават листа на информации кои им биле барани во текот на 2020, 2012 година и првата половина на 2022 година.

## Барања и жалби до имателите за 2019, 2020 и 2021 година

### БАРАЊА

Бројот на барања за пристап до информации од јавен карактер, кои се поднесуваат до институциите на годишно ниво е висок, поради непочитување на обврската од членот 10 на Законот.
Годишниот извештај за 2019 година, во однос на обработката на извештаите доставени од имателите, упатува на податок за примени 8.752 барања, од кои службените лица позитивно одговориле на 8.299 барања. Одбиени и отфрлени се 163 барања по основ на исклучоците пропишани во членот 6 (на стариот Закон кој е моментално вон сила), или пак согласно други законски прописи. Во извештаите е содржан податок и за 283 неодговорени барања. Според појаснувањето содржано во предметниот извештај, 125 од нив останале неодговорени поради неусогласеност на временскиот период наведен во барањата на Здружение на граѓани – барател на информацијата. Седум барања примени пред самиот крај на 2019 година, од страна на имателите се пренесени за постапување во 2020 година. Вкупно 4054 од барањата се доставени до државни институции, 1999 се доставени до единиците на локалната самоуправа, 353 до образовните институции, 896 до здравствените институции, 845 до судската власт, 509 до јавните претпријатија и установи и 96 до правни и физички лица кои вршат јавни овластувања.

[7] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2020/09/%D0%93%D0%9E%D0%94%D0%98%D0%A8%D0%95%D0%9D-%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88-2019-PDF.pdf
[8] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2021/04/%D0%93%D0%9E%D0%94%D0%98%D0%A8%D0%95%D0%9D-%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88-2020.pdf
[9] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/04/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_MK.pdf

Во годишниот Извештај за 2020 година е нотирано дека во календарската 2020 година до имателите биле поднесени 7.163 барања, од кои на 6.790 барања бил даден позитивен одговор. Одбиени биле вкупно 225 барања. Агенцијата во нивните извештаите воочува дека имателите како образложение за причина за одбивање или отфрлање на пристапот до 225 барања се исклучоците од слободниот пристап пропишани во членот 6, или други законски прописи. Исто така, извештаите содржат податок за 120 неодговорени барања, односно за 28 пренесени барања за постапување во тековната 2021 година. Причината за тоа е што истите биле примени пред самиот истек на календарската 2020 година.

Најголем број на барања т.е најголем интерес на барателите се доставени до државните институции или вкупно 2.658 барања, потоа следат единиците на локалната самоупарава со 1.820 барања, судската власт со 1.010 барања, јавни претпријатија и установи со 683 барања, здравствените установи со 546 барања, образовните институции со 296, правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес со 146 барања и на крај се политичките партии со 4 барања. Вкупната бројка на барања за 2020 година е 7.163.

Годишниот извештај на Агенцијата за 2021 година нотира дека од сите примените и обработени годишни извештаи од имателите на информации (вкупно 1.334), до имателите биле поднесени вкупно 8.910 барања, од кои на 8.540 е одговорено позитивно во законскиот рок.

Најголем број на барања, или најголем интерес на барателите се доставени до државните институции или вкупно 3.000 барања. Со 760 примени барања меѓу органите на државната управа, Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија е на прво место, а по него следат Министерствата за правда и Министерството за внатрешни работи со 354 примени барања од барателите. Единиците на локална самоуправа и планските региони прикажуваат 2.298 примени барања, а зголемен интерес барателите покажале и за здравствените установи до кои биле поднесени 847 барања, што во голема мера се должи и на КОВИД ситуацијата, согласно анализираните видови на жалби поднесени од барателите. За работата на образовните институции, барателите покажале интерес со поднесување на 363 барања, до судските власти биле поднесени 1.197 барања, јавните претпријатија и установи прикажале вкупно 826 барања, за работата на правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес се наведени вкупно 103 барања, и до политичките партии барателите доставиле 276 барања и до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беа доставени 8 барања во 2021 година.

Генерална констатација е дека бројот на барања за пристап до информации од јавен карактер, кои се поднесуваат до институциите на годишно ниво е висок.

***Графикон 2: Споредбен приказ** на бројот на пристигнати барања за слободен пристап до информации од јавен карактер секторски поделени за годините 2019, 2020 и 2021.*




***Графикон 3: Споредбен приказ** на постапување по поднесени барања на имателите на информации за 2019, 2020 и 2021 година*



## ЖАЛБИ

Годишниот извештај на Агенцијата за 2019 година нотира дека до неа се доставени 755 жалби. Поради објективни причини, Извештајот во делот на жалбената постапка се однесува за единствената одржана седница во февруари 2019 година, на која е постапено по 457 жалби кои се пренесени како нерешени во текот на 2018 година и по 14 предмети од 2019 година. Новодоставените 741 жалба, поднесени по 13-14 февруари 2019 година, се префрлени во надлежност на Агенцијата за нејзино постапување во текот на 2020 година. Дури 677 од вкупниот број жалби се поднесени поради „молчење на администрацијата“

Поголемиот број од жалбите се доставени од правни лица, односно од здруженија на граѓани и фондации (621), а од физички лица се доставени 134 жалби. Најголемиот број од жалби (411) се поднесени против здравствени организации и тоа од страна на исто здружение на граѓани, во рамки на спроведување на негови проектни активности. Против државни институции се поднесени 130 жалби, 97 против општини, 43 против јавни претпријатија, 38 против судската власт, против правни и физички лица кои што вршат јавни овластување беа насочени 20 жалби, а 15 против образовни институции. Според вкупниот број на поднесени жалби до Агенцијата во 2019 година, а упатени кон имателите се констатира дека најголем број на жалби се поднесени до:

- 411 жалби против здравствени установи,
- 130 против државни институции,
- 97 против општините,
- 43 против јавните претпријатија и установи,
- 38 против судската власт,
- 20 против правни и физички лица кои вршат јавни овластувања,
- 15 против образовни институции и
- 1 на нематер на информација.

Во 2020 година извештаите покажуваат дека барателите, 741 предмети по кои не било постапено во текот на 2019 година се пренесени на Агенцијата, а уште 752 жалби пристигнале во текот на 2020 година, односно вкупно 1.493 предмети. Од 752 жалби против управни и реални акти на првостепените органи, 611 жалба или 81% е против непостапување на првостепениот орган по барања за пристап до информации од јавен карактер. Поради незадоволство од добиен одговор од имателите на информации биле поднесени 84 жалби, а против Решенија донесени од страна на имателите се поднесени 57 жалби. Статистиката по однос на поднесените жалби против имателите на информации, го покажуваат следното:

- најголемиот број на жалби или 231 се поднесени против државни институции;
- против образовни институции се поднесени 14 жалби;
- 109 жалби се против единици на локалната самоуправа;

- против јавни претпријатија и установи се поднесени вкупно 60 жалби;
- 35 жалби против судската власт;
- 42 против правни или физички лица што вршат јавни овластувања и
- против здравствени установи има поднесено 261 жалба, сите поднесени од страна на ист барател на информации од јавен карактер.

Годишниот извештај за 2021 година прикажува дека се доставени вкупно 798 предмети т.е жалби, поднесени против управни и реални акти на првостепените органи, или поради т.н. молчење на администрацијата. Агенцијата постапила по вкупно 788 од нив, додека 10, поради законските рокови кои се однесуваат на произнесување на имателите по предметните жалби, како и по запазување на роковите за постапување на второстепениот орган, се пренесени за решавање во текот на 2022 година. Од структурата на подносители на жалби до Агенцијата, се забележува дека најголем дел од предметите по жалби, или вкупно 608 (76,19%) се поднесени од страна на правни лица, т.е. од здруженија на граѓани и фондации, додека од страна на физички лица се поднесени 190 жалби.

Дополнително, важно е да се напомене и дека од вкупниот број на жалби, дури 359 (44,99%) се поради не постапување по поднесени барања од страна на институциите во законски пропишаните рокови (20 дена по поднесено барање или 30 дена доколку се бара обемна информација), односно „молчењето на администрацијата" е значително намалено во последната година. Вкупно 356 жалби се против решенија од имателите на информации (44,61%), 82 жалби се против одговор/известување од имателите на информации (10,28%) и 1 жалба против не/имател на информации.

Поднесените жалби во 2021 година покажуваат дека одат кај имателите на информации и тоа по следниот редослед:

- 458 предмети по жалби против државни институции на централно ниво,
- 167 против единици на локалната самоуправа,
- 35 против јавни претпријатија,
- 30 против судската власт,
- 37 против правни и физички лица кои што вршат јавни овластување,
- 15 против образовни институции,
- 31 против здравствени институции,
- 21 против политички партии,
- 1 против јавни установи,
- 2 против казнено-поправни домови и
- 1 против не/имател на информации.

***Графикон 4: Споредбен приказ** на доставени жалби до АСПИ поделени по сектори за 2019, 2020 и 2021 година*




***Графикон 5: Споредбен приказ** на тип на подносител и основ за однесување на жалба до АСПИ за 019, 2020 и 2021 година*



Кај државните институции по бројот на вкупно поднесени жалби се истакнуваат Министерството за здравство и Министерството за транспорт и врски, а на локално ниво најголем број на жалби се поднесени до општина Охрид.

Најчеста причина за поднесување жалби до Агенцијата е **непостапувањето по одредбите од Законот** од страна на имателите на информации од јавен карактер, поточно непостапувањето по Барањата од страна на првостепениот орган во законски предвидениот рок. Жалби се поднесени и поради незадоволство на барателите од добиени одговори од имателите на информации и против добиени решенија за одбивање на пристапот до бараните информации. Во извештајот како најчести причини за покренување на жалба кон имателите на информации се во врска со барања кои се однесуваат на: евиденции и извештаи за спроведени јавни набавки; информации за добиени и потрошени буџетски средства по програми кои третираат конкретни заболувања, третмани на одредени категории лица; биографии на членови на надзорни и управни одбори и висина на нивните надоместоци; информации за огласи и постапки за вработување; копии од потребни докази во судски постапки и друго.

Со оглед на фактот што во Извештаите на Агенцијата не се содржани податоци за содржината на одговорените или одбиените барања за информации од страна на граѓаните, туку само за содржината на оние барања за кои била поднесена жалба против имателот, во Прилог I на овој извештај за следење се претставени податоците за видот и карактерот на барањата за кои се поднесени жалби до Агенцијата од страна на барателите, а се нотирани во Извештаите на Агенцијата, по области.

## Податоци за содржината на најчесто побарануванте информации од имателите на информации од јавен карактер

Согласно наодите од следењето кои произлегоа од анализита на регулативата за пристап до информаии од јавен карактер, анализата на содржината на Извешатите на Агенцијата за заштита на пристапот до информации од јавен карактер и следењето на примерокот на веб страниците на институциите и начинот на кој ги применуваат одредбите од Законот, како и квалитетот на објавените информации, ЦУП ја увиде потребата од неопходноста на анализа за видот и содржината на информациите кои граѓаните ги бараат од институциите. Целта беше да се види кои се оние податоци кои претставуваат клучен интерес на граѓаните во последниот период и што е она кое институциите треба проактивно да го објавуваат во насока на пресретнувањее на потребите и интересите на граѓаните. Всушност, целта беше да се подвлече важноста на развојот кон инклузивно и транспарентно општество, кое е отворено за потребите на граѓаните и кое активно ги вклучува сите чинители во креирањето на политиките и следењето на нивната имплементација, кое обезбедува владеење на правото, еднаков пристап до информациите и правда за сите.
Во таа насока ЦУП во соработка со Кабинетот на заменик претседателката на Владата задолжена за политики на добро владеење и Агенцијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер, а согласно увидените недостатоци во законот и подзаконскиот акт кој го уредува известувањето на имателите на информациите до Агенцијата и состојбите со обемот, начинот и квалитетот на објавените информации од страна на имателите на нивните веб-страници, иницираше анализа на видот и содржината на најчесто побаруваните информации од институциите од страна на граѓаните.
Така, по информација подготвена од страна на Кабинетот на заменик претседателката на Владата, на Шеесет и третата седница на Владата на РСМ одржана на 20.07.2022 година се заклучи Агенцијата да побара од сите 1445 иматели на информации, да достават листа на информациите и податоците кои им биле побарани во текот на 2020, 2021 и во првата половина на 2022 година, заклучно со 30 јуни 2020 година. Целта на оваа интервенција беше да се спроведе анализа на најчесто побаруваните информации во насока на унапредување на транспарентноста и отчетноста на имателите на информации за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Наодите од овој дел од извештајот за следење се добиени врз основа на информациите кои биле побарувани од институциите во споменатиот период, а кои беа доставени до Агенцијата до имателите на информации од јавен карактер.

Несистематското и неконтинуираното прибирање и обработување на информациите за видот и содржината на барањата упатени до институциите доведува до отсуство на податоци за тоа што е централен интерес на граѓаните во одреден период. Прибирањето и обработката на информации за видот и содржината на барањата за слободен пристап до информации од јавен

карактер „ad hock“ (како во овој случај, кога Агенцијата побара податоци од имателите за двеиполгодишен период) претставува комплексна работа и бара ангажирање на голем број човечки ресурси како кај самите иматели, така и кај Агенцијата. Исто така, обработката на хартиени извештаи од 1455 иматели на информации од јавен карактер е многу сложен и неефикасен процес со можност од грешки во обработка на таквите извештаи. Дополнително, на веб страната Агенцијата има воспоставено и посебен портал за поднесување на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој не се користи во потполност. Во моментов преку овој портал се поднесени само 75 барања.

Од вкупно 1455 иматели на информации од јавен карактер, по барање на Агенцијата 918 субјекти постапија и доставија листа на информациите и податоците кои им биле побарани во текот на 2020, 2021 и во првата половина на 2022 година, заклучно со 30 јуни 2020 година, а 527 иматели не доставија одговор на барањето и покрај тоа што беше доставено потсетување и рокот беше продолжен до 26.08.2022 година.

***Графикон 6:***
*Процент на иматели кои доставиле податоци*




Како што може да се види 36% од вкупниот број на иматели воопшто не постапиле по барање на Агенцијата, што е алармантно, ако се земе во предвид дека Агенцијата е клучнната институција за следење на спроведувањети на законт, па доколку имателите не почитуваат нејзини барања, тогаш барањата на граѓаните помалку ќе бидат почитувани. Во вакви околности очигледно е дека е потребен дополнителен механизам за санкционирање на непочитувачите на законските обрски, како и зајакнување на контролната и надзорна функција

на Агенцијата за да не се случуваат вакви масовни непостапувања по нејзини барања во иднина.

Инаку од анализата на добиените информации од оние 918 иматели кои дале информации може да се изведе заклучок дека најголем дел од информациите кои се барани се однесуваат на податоци и документи поврзани со:

- Јавните набавки,
- Финансиското работење на институциите (патни трошоци, дневни трошоци, користење на службени возила и сл),
- КОВИД 19 – мерките,
- Бројот на вработените лица во јавниот сектор и лицата ангажирани по други основи и
- Избраните и именувани лица (биографии, менаџерски договори, плати и надоместоци и сл).

Доколку поидатоците се разгледуваат по области може да се заклучи дека најмногу барања има во следниве области:

- Финансии,
- Култура,
- Економија,
- Социјална заштита, локална самоуправа,
- Здравство,
- Градежништво и сл.

Од анализата на видот на информации кои биле побарувани од имателите, генерален заклучок е дека најмногу информации се барани за теми кои се од актуелен интерес во општеството, а тоа во моментов се јавните финансии, КОВИД мерките, биографиите на функционерите и сл. Овие податоци се совпаѓаат и со податоците за видот на информации кои произлегуваат од содржината на поднесените жалби до Агенцијата за непостапување по одредбите од Законот, кои всушност покажуваат дека речиси истите области на информации биле од најголем интерес кај барателите во текот на анализираниот период. Ова значи дека со промена на актуелностите во државата ќе се менуваат и информациите кои најчесто ќе бидат барани, поради што е потребно тековно да се следи фреквенцијата и видот на барањата на информации од имателите, поради што и ќе треба да се ажурира континуирано листата на информации кои имателуте треба да ги објавуваат.

Она што е од суштинска важност е дека голем дел од најчесто побаруваните податоци од страна на барателите спаѓаат во точка 18 на став 1 од член 10 од Законот – „други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата“ за кои не постои јасна насока кои се тие информации и како треба да бидат објавувани. Согласно ова, од овој извештај за следење произлезе и потребата да се подготви **Упатство за подобрување на**

**транспарентноста на институциите од јавниот сектор**, кое на имателите на информации ќе им даде насоки кои се оние податоци и информации содржани во споменатата алинеја од член 10 од Законот, кои имаат обврска да ги објавуваат на своите веб страници. Упатството кое го подготви ЦУП во соработка со Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и Кабинетот на заменик претседателката на Владата задолжена за политики за добро владеење, ги содржи најбараните информации од јавен карактер кои биле упатени до имателите во изминатиот период (1.1.2020-30.06.2022), но и останатите информации од јавен карактер кои институциите треба да ги објавуваат согласно нивната надлежност и релевантната законска регулатива, систематизирани по сектори. Упатството може да се најде на веб страницата на ЦУП.

# ПРЕПОРАКИ

Проактивната транспарентност на институциите го намалува административниот товар, придонесува за зголемување на свеста на имателите за нивната улога и респонзивноста на барањата на граѓаните, ги намалува можностите за корупција и овозможува креирање на политиките засновано на факти.

Новиот Закон за пристап до информации од јавен карактер од 2019 година, не само што го прошири опфатот на информациите и имателите на информации, туку придонесе и за унапредена примена на регулативата со трансформација на претходната форма на телото задолжено за следење на примената на Законот од Комисија во Агенција. Ова секако придонесе за поголема ефикасност и ажурност во спроведување на постапките.

Дополнително, напредокот се должи и на владината, но и заложбата на институциите за отворање на податоците преку отворени податочни сетови, кој како тренд владее на глобално ниво. Сето ова ја олеснува работата на институциите и го подобрува нивниот имиџ кај граѓаните. Мора да се напомене дека во делот на отворени финансии е забележан голем напредок со оглед на тоа дека со отворањето на податоците од јавните набавки е овозможено на граѓаните да следат, да се прават анализи и да се добие слика за трошењето на буџетските пари.

Сепак, од следењето на примената на Законот се нотирани одредени клучни недостатоци и предизвици кои мора да бидат адресирани во насока на постигнување на заложбите од СРЈА во делот на Одговорност, отчетност и транспарентност на институциите. Препораките се групирани во препораки во однос на подобрување на регулативата и препораки во однос на практиките за објавување на информациите од јавен карактер:

### Препораки во однос на унапредување на регулативата:

**1.** **Да се измени и дополни Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** во насока на:

- Уредување на надзорот и санкциите во однос на почитување на должноста од членот 10 од Законот за активно објавување на информации;
- Воспоставување на регистар на веб страници на имателите на информации од јавен карактер кој ќе го води Агенцијата;
- Предвидување на законска обврска за Агенцијата да врши контрола на веб страниците на имателите заради проверка на почитувањето на членот 10 од Законот;
- Предвидување на можност за централизирано објавување на задолжителните информации од јавен карактер за определени групи на иматели; и

- Уредување, односно унифицирање на форматот на објавување на информациите од јавен карактер кој треба да биде лесно обработлив.

**Препораки во однос на практиките за примена и следење на примената на Законот:**

2. **Агенцијата да го ажурира образецот** на годишните извештаи во насока на добивање не само на квантитативни, туку и квалитативни податоци;
3. **Да се воспостави автоматизиран систем** за прибирање и обработка на годишните извештаи на имателите;
4. **Да се зголеми внатрешна контрола** на транспарентноста и квалитетот на објавените податоци на институциите;
5. **Да продолжи со редовна обука** на лицата вработени во институциите, задолжени за обработка и објавување на податоците за кои имателите на информации се задолжени со Закон;
6. **Да се гради култура на отворени податоци** и нивно објавување во обработлив формат;
7. **Континуирано (најмалку еднаш годишно) да се ажурира листата на информации од јавен карактер** врз основа на обработените квалитативни податоци од годишните извештаи на имателите во насока на објавување на информациите за кои граѓаните покажуваат најголем интерес.

# ПИЛОГ I

## Листа на податоците за видот и карактерот на барањата за кои се поднесени жалби до Агенцијата, по години и по области

## ЗА 2019 ГОДИНА

### 1. Информации од област здравство

- податоци за состојбата со повеќе заразни болести,
- документација за создаден медицински отпад, по вид и потекло и постапување со истиот,
- информации за број на санитетски возила набавени на лизинг, донирани или добиени на користење од друга институција според марка, модел и набавна вредност,
- податоци за број на заболени лица од болести на зависност според пол и возраст во одредени региони,
- број на лекари упатени на специјализација,
- здравствени табели со индикатори за стапката на насилство врз децата.

### 2. Информации во надлежност на ЕЛС

- состојби во областа на урбанизмот и комуналната сфера,
- барања за издадени или усвоени документи, дозволи и решенија, потрошени средства за проектни и промотивни кампањи,
- барања на списоци со населени места, информации за назив на закуподавецот и износ на закупнина која се плаќа за работни простории користени од одделни единици на локална самоуправа,
- критериуми според кои се градат, доградуваат, реконструираат и санираат улици,
- број на противпожарни возила, по марка, тип и година на производство,
- документи за сопственост на работните простории на општините.

### 3. Информации од област добро управување

- евиденции и извештаи за спроведени јавни набавки, годишни планови за јавни набавки и сл.
- биографии на членови на надзорни и управни одбори и висина на нивните надоместоци;
- информации за огласи и постапки за вработување;
- официјални контакти со јавните претпријатија (телефон, е-маил на претпријатието и на директорот);
- документи за возниот парк на јавните претпријатија;
- документи за вкупни трошоци од завршна сметка на буџет и друго
- бизнис планови за поддршка на самовработувањето и претприемништвото.

### 4. Информации од област транспорт

- документација за легализација на објекти.

## 5. Информации од област правосудство

- копии од потребни докази во судски постапки

# ЗА 2020 ГОДИНА

## 1. Информации од област здравство

- барања за бројот на припадници на ромската заедница заболени со Ковид 19
- барања за број на ординации
- број на лекари од општа медицина, медицина на трудот, педијатрија и број на стоматолози на територијата на општина Тетово
- бројот на заболени од Дијабетес мелитус и астма
- листа на активности кои се спроведуваат за следење на санитарно хигиенската состојба на квалитетот на површинските води
- број на згрижени заболени во ковид центрите на одделни медицински центри
- Стенограмски белешки и записници од седници на Владата и записници од седници на Главниот координативен кризен штаб на основа на кои се донесени мерки против внесување и ширење на корона вирусот.

## 2. Информации во надлежност на ЕЛС

- барања за испуштени штетни материи на територијата која ја покриваат
- барања за склучени договори со збратимени општини
- број на издадени одборенија за зелени површини
- информации за изградба на кружни или мини кружни текови
- информации за зони и цени на недвижности
- годишни транфери на средства кон невладини органзации
- барања за вкупна вредност на издадени решенија за данок на имот
- форми на непосредно учество на граѓаните во одлучувачките процеси
- информации од областа на урбанизмот, сообраќајот, реконструкцијата и изградбата на комуналната инфраструктура
- испуштени штетни материи на територијата која ја покриваат
- број на систематски прегледи на ученици и студенти спроведени согласно програмата за 2019 година
- Информации за извршени епидемиолошки анкети како последица на труење со храна.

## 3. Информации од област добро управување

- податоци за бројот на лица во одделни институции кои се наоѓаат на трансфер листата на можни преземања,
- податоци за стабилноста на банкарскиот и финансискиот систем, како и информации за движењето на депозитите на населението и правата на депонентите при обесштетување

- број на вработени со прекинат работен однос заради негативни оценки,
- информација за (не)поседување на електронски систем за чување на документи
- судбината на објекти и згради кои ги користат или кои се напуштени и не ги користат одредени државни органи
- податоци во врска со користење средства од централниот буџет (Ковид 19)
- список на новоосновани бизниси во споменатите години
- Информации за бројот на мали хидроелектро централи
- податоци за вкупниот број на новоосновани правни субјекти како резултат на мерката поддршка за самовработување претприемништво во 2018 и 2019 година
- одлуки за избор и назнзачување на членови на управни и надзорни одбори
- барања за вкупен број на издадени потврди за ослободување од работни обврски (на родители) за грижа за малолетно дете, согласно мерките за превенција од ширење на корона вирусот
- јавни набавки и спроведени постапки за реализација на јавни огласи за вработување
- број на вработени во институциите и установите сегрегирани според пол и етничка припадност.

## 4. Информации од област транспорт

- Договор за набавка на 33 автобуси
- одлука за сервисирање и одржување на комјутери за автобуси и репарирање на други чувствителни делови за нив.

## 5. Информации од област правосудство

- бројот на одржани и одложени рочишта во време на Ковид 19
- акциски планови за работата на судиите во домашни услови
- одлуки за извршен избор на судии поротници во одделни судови
- број на разрешени судии (таксативно) поради нестручно и несовесно постапување и поради сторени кривични дела
- бројот на апелациони судии кои поминале обуки за примена на законот за кривична постапка
- број на избрани судии од кандидатите кои завршиле почетна обука во Академијата за судии и обвинители
- записници на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисоки судови
- Информации за вкупниот број на предмети од кривична област во кои повисок суд укинал, односно потврдил пресуди на основни судови
- број на активни предмети по основ на барање за конфискација на имот , како и за број на вработени лица со попреченост односно инвалидитет и број на ангажирани толкувачи на знаковен јазик во одделни институции од судската сфера.

## 6. Информации од област образование

- податоци за бројот на запишани деца со попреченост во образовниот процес,

- Информацијата за бројот на студенти кои дипломирале, магистрирале и докторирале на насоката (групата) албански јазик од 2001 година до денес,
- број на запишани студенти на катедрата за турски јазик и книжевност при скопскиот државен универзитет во периодот од 1991 година до денес.

### 7. Информации од област култура и животна средина

- податоци за активностите и преземените мерки за зачувување на статусот на светско наследство на Охридскиот регион во УНЕСКО
- набавка на опрема и уреди за замена на нееколошки системи за греење во јавни објекти

## ЗА 2021 ГОДИНА

### 1. Информации од област здравство

- Број на хоспитализирани пациенти со КОВИД-19;
- какви и колку лекови, кои се наменети за лекување на ретките болести, се регистрирани во Р.С.М (колку средства се потрошени за такви лекови)
- Вкупен број на болнички денови на пациентите со КОВИД-19
- Број на починати пациенти од КОВИД-19
- Број на пациенти на кислородна поддршка
- Број на пациенти на вентилаторна (респираторна) поддршка
- Број на ангажиран медицински персонал;
- Потрошена количина на лекот Enoxaparin (Клексан) за пациените со КОВИД-19
- Потрошена количина на кислород за пациентите со КОВИД-19
- Број на потрошени маски за кислородна поддршка за пациентите со КОВИД-19 и број на користени апарати за ветилаторна поддршка (респиратори).
- Број на лица кои примиле две дози вакцини, според призводител на вакцина Синофарм, Синовак, Спутник, Фајзер, Астра Зенека, според старосни групи
- број на заразени лица од КОВИД-19 со примени две дози вакцини според производител на вакцината
- број на хоспитализирани лица поради КОВИД -19, вакцинирани со две дози вакцини, број на починати лица поради КОВИД -19, вакцинирани со две дози вакцини, број на хоспитализирани лица кои биле реинифицирани со КОВИД -19, број на починати лица кои биле реинфицирани со КОВИД -19
- информации за постапката за јавна набавка на „нова медицинска опрема наменета за соодветно спроведување на здравствен третман на пациентите болни од КОВИД - 19, за потребите на Јавните здравствени установи на подрачјето на Град Скопје
- лабораторски анализи и супер анализи на примероци од храна изработени во сите акредитирани лаборатории, земени од страна на инспекторите на Агенција за храна и ветеринарство.

### 2. Информации во надлежност на ЕЛС

- во (наведен) период колку и кои детални урбанистички планови ги донела одредена општина, колку и кои ДУП-ови се во фаза на донесување и во која фаза конкретно моментално е секој од нив
- копии од решенија за отстранување на бесправно изградени објекти во општините Охрид, Струга и Дебарца по кои во целост е постапено и објектите се отстранети, како и по кои не е постапено и објектите не се отстранети и по кои се поведени судски постапки
- планска документација за проектот реконструкција на Кеј „Македонија“ Охрид
- колку инспекциски надзори се извршени на територијата на Општина Охрид од страна на локалниот инспектор за животна средина
- завршни сметки за буџетот на општина ... за годините: 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 на аналитичко ниво (подставка) од 6 цифри
- оглас на општина Струга за отуѓување градежно неизградено земјиште, со Записник од комисија која одлучува за отуѓување на градежно неизградено земјиште и договори за отуѓување на градежно неизградено земјиште
- согласно Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачје на општина... да ни ги доставите годишните извештаи за 2019, 2020 и 2021 година за бројот на заловени и третирани бездомни животни
- целосна листа со недвижен имот со кој располага Град Скопје, за секој имот поединечно да се наведе дали и на каков начин се користи
- Информација за отворени податоци.

## 3. Информации од област добро управување

- колку средства се побарани од државниот Буџет за помош и заштита на деца во конфликт со законот?
- записници од седници на Владата на Република Северна Македонија
- вкупен број на вработени, со имиња, презимиња, биографии и месечни примања на сите државни советници во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците
- фактури за набавка на мебел и уметнички слики за уредување на внатрешниот простор на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците
- за потребите на споредбено регионално истражување во рамките на проектот “Балкан тендер боч“, финансиски поддржан од Европската Унија, планот за јавни набавки за 2020 година со сите негови измени и дополнувања
- биографии на членови на надзорни и управни одбори и висина на нивните надоместоци.

## 4. Информации од област транспорт

- копија од автопатското решение Ќафасан-Струга
- копија од готовиот проект за железничкиот Коридор 8 во западниот дел од земјата, со нова делница од Кичево до Лин
- оглас на општина Струга за отуѓување градежно неизградено земјиште, со Записник од комисија која одлучува за отуѓување на градежно неизградено земјиште и договори за отуѓување на градежно неизградено земјиште

## 5. Информации од област култура

- копии од тримесечните извештаи за напредокот во реализација на мерките и активностите содржани во Акцискиот план на Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион

## 6. Информации од област правосудство

- копии од потребни докази во судски постапки и друго

## 7. Информации од политички партии

- листа на движен и недвижен имот кој го поседува политичка партија, како и листа на движен и недвижности кои што политичката партија ги закупува од физички и правни лица (доставете ни информации од кого се закупува недвижноста и сумата која политичката партија ја плаќа на месечно ниво за закупениот простор).

# Прилог II

## Листа на податоците за видот на барањата кои барателите ги побарувале од институциите во 2020, 2021 година и првата половина од 2022 година (заклучно со 30.06.2022 година) по области

### Област – ОДБРАНА:

**Нема податоци**

### Област – БЕЗБЕДНОСТ:

**Нема податоци**

### Област – ПРАВОСУДСТВО

- Годишни извештаи за работата на судовите,
- Информации за изборот на судии,
- Информации за спроведено оценување на судии,
- Информации за степенот на пристапност на судските објекти за лица со попреченост,
- Одлуки по судски предмети,
- Податоци за број на жалбени постапки во Апелациони судови,
- Податоци за број на јавни обвинители,
- Податоци за број на кривични пријави до јавните обвинителства по различни основи
- Податоци за број на поднесени, одобрени и одбиени предлози за определување на мерката притвор,
- Податоци за број на постапки во кои на граѓаните им е одобрена бесплатна правна помош,
- Податоци за број на реализирани јавни седници по судови,
- Податоци за број на спроведени истражни постапки од јавните обвинителства по различни основи,
- Податоци за број на судии,
- Податоци за број на барања за изземање на судии,
- Податоци за број на застарени предмети по судовите,
- Податоци за број на обвинети и осудени лица,
- Податоци за број на примени тужби,
- Податоци за добиени претстави и
- Податоци за судски предмети, статус на предмети, област на судскиот предмет, предметен судија.

### Област - ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

- Листа на сите лица вработени во институцијата со податоци за називот, односно звањето на позицијата на која се распоредени, службен е-маил и службен телефон,

- Постапка за добивање на патни исправи, со потребни документи, образец на барање, адреса за поднесување на барањето
- Постапка за издавање и регистрација на оружје, со потребни документи, образец на барање, адреса за поднесување на барањето
- Постапка за стекнување, престанување и утврдување на државјанството на РСМ, со потребни документи, образец на барање, адреса за поднесување на барањето
- Статистички податоци во врска со број на регистрирани кривични дела, нарушувања на јавниот ред и мир и од областа на сообраќајот
- Статистички податоци во врска со илегалната миграција, мигранти и
- баратели на азил
